# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 3 | Петок, 29.02.2008 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


### С о д р ж и н а

**Градоначалник на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| **22.** | **Решение** за организирање на јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блоковите бр. 25 и 26 во град Струмица…………… | 2 |
| **23.** | **Решение** за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блоковите бр. 25 и 26 во град Струмица ……………… | 3 |
| **24.** | **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блоковите бр. 25 и 26 во град Струмица …………………… | 3 |

**22.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ ” број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за блоковите бр. 25 и 26 во град Струмица**

1. Се организира јавна анкета по Нацрт–Деталниот урбанистички план за Блоковите 25 и 26 во град Струмица со површина од 43,60 ха и граничен опфат:

- Од источната страна по основата на ул. “ Маршал Тито”;

- Од северната страна оди по јужната граница на КП 7688,7689 па ја заобиколува КП 7687( тука се движи по земјен пат) и продолжува по северната граница на КП 7682,7795,7794 па по западната страна на КП 7794, 7793 и 7792 па ја заобиколува од север кон запад КП 7791 и продолжува по западната страна на КП 7790, 7789, 7782, 7781. Потоа продолжува на југ при што ја сече КП 7776 и 7775 па по западната граница на КП 7816 и продолжува по јужната граница на КП 7818 и 7821.

- На јужната страна продолжува по западната граница на КП 7855, 7857 и оди по јужната граница на КП 7864 со дел од ул. “ Маршал Тито”.

- Граница помеѓу Блок 25 и Блок 26 ја сочинуваат:

Земјен пат со КП 7825, па дел од источната граница на КП 7826, јужната и источната граница на КП 7849, источната граница на КП 7845, 7844, јужната и источната граница на КП 7837, па потоа северната граница на КП 7836 и северната граница на КП на КП 7662 и 7657 до основата на ул. “Маршал Тито”.

2. Решението за организирање јавната анкета ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Решението.

4.Нацрт–Деталниот урбанистички план за Блок 25 и 26 на град Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи на ул.“Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

| | |
|---|---|
| Број.08- 879/4 | Градоначалник |
| 29.02.2008 год. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

…………………………..

## 23.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блоковите 25 и 26 во град Струмица**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за блоковите 25 и 26 во град Струмица со површина од 43, 60 ха и граничен опфат:

- Од источната страна по основата на ул. “Маршал Тито”;

- Од северната страна оди по јужната граница на КП 7688,7689 па ја заобиколува КП 7687( тука се движи по земјен пат) и продолжува по северната граница на КП 7682,7795,7794 па по западната страна на КП 7794, 7793 и 7792 па ја заобиколува од север кон запад КП 7791 и продолжува по западната страна на КП 7790, 7789, 7782, 7781. Потоа продолжува на југ при што ја сече КП 7776 и 7775 па по западната граница на КП 7816 и продолжува по јужната граница на КП 7818 и 7821.

- На јужната страна продолжува по западната граница на КП 7855, 7857 и оди по јужната граница на КП 7864 со дел од ул. “Маршал Тито”.

- Граница помеѓу Блок 25 и Блок 26 ја сочинуваат:

Земјен пат со КП 7825, па дел од источната граница на КП 7826, јужната и источната граница на КП 7849, источната граница на КП 7845, 7844, јужната и источната граница на КП 7837, па потоа северната граница на КП 7836 и северната граница на КП на КП 7662 и 7657 до основата на ул. “Маршал Тито”.

2. Решението за организирање јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 17.03.2008 година во 12,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

| | |
|---|---|
| Број 08- 879/3 | Градоначалник |
| 29.02 .2008 год. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

…………………

## 24.

Врз основа на член 24 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета по Нацрт – Деталиот урбанистички план за блоковите 25 и 26 во град Струмица**

1. За членови во Комисија за спроведување на јавната презентација и

јавна акета по Нацрт – Деталиот урбанистички план за блоковите број 25 и 26 во град Струмица ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;
- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на Нацрт – планот; и
- Александар Цицимов – дипломиран архитект- надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на ден 17.03.2008 година во 12,00 часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица, а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Решението за организирање јавна анкета.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број. 08- 879 /2
29.02. 2008 год.
С т р у м и ц а

Гадоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.